# Христоделфијанци

Секое разгледување на некоја група на христијани мора да започне со прашањето: „Што сака Бог од група на христијани?“. Одговорот сигурно е „Она што ни го кажува Библијата“. Читаме во 2. Тимотеј 3:16-17:
*„Целото Писмо е од Бога вдахновено и е полезно за поука, за изобличување, за поправање и за воспитување во правдата, за да биде Божјиот човек совршено подготвен за секое добро дело“.*

Библијата мора да биде основа за христијанското учење и пракса. Само Библијата може да ни помогне да станеме целосна духовна личност. Секоја група на христијани мора да се споредува со Библијата.

Христоделфијанците имаат за цел да ја следат Библијата и ништо друго. Ние не сме „отцепени“ од која било друга група. Ние сме целосно самостојни. Нашата заедница се заснова на внимателно читање и истражување со цел откривање на изворната вистина на библиското учење и практика.

Кога беше направено ваквото истражување, беше констатирано дека постојат големи разлики помеѓу Библијата и она што беше утврдено кај другите христијански групи. Разликите се толку големи што самата Библија нè наведува да не се дружиме со нив. За жал, ова е тажно но и неопходно. Може да се восхитуваме на верата и посветеноста таму каде што ги има, но треба да го следиме она што е вистина. Како што се вели во 1 Тимотеј 2:3-4:
*„Ова е добро и угодно пред Бога, нашиот Спасител, кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината“.*

Една од најголемите разлики помеѓу Христаделфијанците и другите групи е учењето за Бог и Исус. Библијата нè поучува дека постои еден Бог, а не Тројство од три богови. Исус е син на овој единствен Бог, а не „Бог Син“.

Ние веруваме во воскресението на Исус од мртвите. Тој сега е на небото и ќе се врати за да го воспостави Божјото царство на земјата.

Кога верникот умира, тој или таа умира во надеж за воскресение од мртвите проследено со вечен живот во царството Божјо.

Тука сега нема да ги повторуваме сите овие учења. Можете да дознаете што вели Библијата за истите на некои други предавања. На овие предавања се споделуваат докази од Библијата и вие мора сами да одлучите дали поучуваме за она што се вели во Библијата или не.

Библиското учење во основа е едноставно. Човекот го има искомплицирано тоа учење со текот на годините и тоа ја загубило својата првобитна едноставност. Христаделфијанците ги следат првобитните учења и практики на Исус и на апостолите од првиот век.

Практиката на времето во периодот на Новиот завет била верниците да се поучуваат пред да бидат крстени. Пример за ова е во Дела 8:12:
*„ А кога му повеаруваа на Филипа, кој го проповедаше Евангелието за Божјото Царство и за името на Исуса Христа, се крштеваа мажите и жените.“*

Човекот треба да знае за верата во која ќе биде крстен.

Во Дела 2:42, ни е кажано што правеле христијаните откако ќе биле крстени:
*„ И беа постојани во апостолското учење и општувањето; и во раскршувањето на лебот и во молитвите.“*

Овој пасус дефинира што треба да прават христијанските групи. Тие продолжуваат согласно учењето на апостолите. Крстените верници стануваат дел од заедништвото. Тие сега имаат

ново духовно семејство. Во ова ново семејство, сите ние сме браќа и сестри и имаме должност да се сакаме едни со други.

Верниците се среќаваат за да кршат леб и да пијат вино како начин на сеќавање на смртта и воскресението на Исус. Во ова учествуваат сите верници, и тоа најчесто се прави еднаш неделно.

Верниците имаат активен молитвен живот.

Христоделфијанците се лаичко движење. Немаме свештеници ниту водачи. Исус јасно го кажал ова во Матеј 23:8-9:
*„ А вие не наречувајте се учители - зашто е Еден вашиот Учител - Христос, а вие сите сте браќа. И никого на земјата не наречувајте го свој 'татко', зашто е Еден вашиот небесен Татко."*

Според Мојсеевиот закон, имало свештеници. Но, Христос и апостолите не нè учат дека христијаните треба да имаат свештеници.

Од истите причини, ние немаме хиерархија ниту централна владејачка организација. Највисоката единица на организацијата е нашата помесна црква. Ние ги нарекуваме нашите цркви „еклесии", што е вистинскиот збор што се користи во Новиот завет. Овој збор потенцира дека црквата вистински постои за луѓето, а не за зградата.

Секоја еклесија си ги води своите работи. На пример, секоја еклесија одлучува што да прави со своите пари. Ние не воведуваме задолжително издвојување. Сите придонеси се доброволни и (каде што е можно) анонимни.

Има моменти кога има смисла еклесиите да работат заедно. Пример за тоа е подготовката на овие предавања кои се подготвени од Мисијата на Христоделфијанците за Библијата. Станува збор за група на лаици кои работат заедно за да ја пренесат Божјата порака низ целиот свет. Оваа работа е доброволна и неплатена.

Ние немаме други свети книги. Нашата вера се заснова на Библијата и таа е нашиот единствен авторитет. Го потт икнуваме поседувањето на Библијата, секојдневното читање и проучувањето на Библијата. Многумина од нас следат систематски календар за читање на Библијата што значи дека целата Библија се чита секоја година. На овој начин, Библијата станува центар на нашиот живот.

Христаделфијанците знаат дека тие мора да бидат одвоени од работите на светов кои не се прифатливи за Бога. Ова е она што значи да се биде свет или побожен. Ова влијае на нашиот начин на живот!

Христијаните не смеат да се борат ниту да убиваат други. Ова не е во согласност со заповедта „сакајте ги своите непријатели".

Христијаните не смеат да се мешаат во политика. Ние бараме ново и поинакво царство – поставено од Бога. Потребата за одвојување од работите од овој свет е дадена во Јаков 4:4:
*„Не знаете ли дека пријателството со светот е непријателство против Бога? И така, кој сака да му биде пријател на светот, Му станува непријател на Бога".*

Овие зборови не ја менуваат нашата должност да го сакаме ближниот, да плаќаме даноци и да ги почитуваме законите на државата. Меѓутоа, ако постои судир помеѓу Божјите закони и законите на земјата, тогаш ние мора да ги почитуваме Божјите закони. Христоделфијанците се добри соседи и поддржуваат голем број на добротворни активности.

Христоделфијанците можете да ги најдете во многу земји во светот. Ние не сме голема група, па можеби ќе треба да се потрудите за да нè најдете. Ги повикуваме луѓето да стапат во контакт со нас, да нè посетат и да дознаат за нас.

Ако присуствувате на состанок на Христоделфијанците, што би очекувале да видите?

Се среќаваме на различни места, од дома до сали за состаноци. Онаму каде што има поголем број на верници на едно место, се среќаваме во сала. Немаме украсени и посебни цркви или храмови.

Имаме едноставни служби кои најчесто подразбираат читање на Библијата, молитви, предавања за Библијата и химни, со кои управуваат членовите на еклесијата. Има и посебни служби за сеќавање на Исус преку причестување со леб и вино, за поучување и за проповедање. Немаме некакви темелни или детални церемонии.

Можеби ќе ви биде од корист да дознаете нешто повеќе за потеклото на Христоделфијанците. Сѐ започна тогаш кога англискиот лекар по име Џон Томас се иселил од Британија во Соединетите Држави. На своето патување доживеал бродолом. Додека бродот тонел, тој сфатил дека не знае што се случува по смртта. Тој ветил дека, ако Бог му дозволи да живее, ќе ја чита Библијата и ќе го прави она што Бог сака да го прави. Ова патување го навело на тоа да ја открие изворната библиска порака. Во 1864 година, оние кои имале вакво разбирање го прифатија името „Христоделфијанци“. Тоа значи „браќа (и сестри) во Христа“.

Не велиме дека само Христоделфијанци ќе бидат спасени. Не е нас да го кажеме тоа. Имало и пред луѓе кои сигурно му угодувале на Бога а можеби има и други низ светот за кои не знаеме. Се среќаваме со луѓе кои ја откриле истата библиска порака преку сопственото читање и проучување на Библијата. Кога тоа ќе се случи, ќе бидеме среќни што ќе се обединиме.

Сепак, името Христоделфијанци не е она што е важно, туку нашето разбирање и начин на живот кои покажуваат дали навистина сме следбеници на Исус.

Како знаеме што е правилно? На крајот на краиштата, во светот има многу различни цркви!

Треба да го примениме истиот тест како што правеле жителите на градот Берија кога биле посетени од апостол Павле. Во Дела 17:11 читаме за нив како проверуваат дали е вистина она што го рекол Павле: „Овие беа поблагородни од оние во Солун, зашто го примија Словото сосем подготвено, и секој ден го испитуваа Писмото дали е така.“

Треба да проверуваме сѐ во однос на Библијата. Какви и да слушаме учења или идеи, сепак треба да ги провериме со Библијата. Овој тест треба да го примениме на сѐ.

Да резимираме.

Христоделфијанците имаат за цел да се приближат што е можно повеќе до изворното библиско учење и пракса. Ние не тврдиме дека сме група на совршени луѓе, но имаме за цел да го следиме Христос најдобро што можеме. Мораме да им оддадеме слава на нашиот небесен Татко и чест на името на Исус Христос, кои заедно ни обезбедуваат таква благодатна понуда за спасение.

Се надеваме дека и вие ги споделувате овие цели.

Ако го засноваме нашето живеење според Библијата, тогаш можеме да се спасиме од смртта. Павле јасно го кажува ова кога му пишува на Тимотеј: „А ти остани во она што си го научил и во што си убеден, зашто знаеш од кого си го научил и зашто од детството ги познаваш Светите Писма, кои можат да те направат мудар за спасение преку верата во Христа Исуса.“ (2. Тимотеј 3:14,15)

Се надеваме дека овие разговори ќе ви помогнат на вашето духовно патување за да можете и вие да се спасите од смртта. Ако можеме некако дополнително да ви помогнеме, тогаш слободно контактирајте нѐ.